МЕД македонско еколошко друштво
информатор Март 2007 #2
MEΔ MES
British Ecological Society

Македонското еколошко друштво организира трет конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество со одбележување на 80 години од животот и активната научна работа на проф. д-р Љупчо Групче кој ќе се одржи во Струга, хотел Дрим, во периодот 06-09 октомври 2007 година.

Конгресот ќе ги презентира современите научни сознанија на модерната екологија и науката за животната средина. Научните трудови ќе бидат презентирани во различни тематски секции, а секоја секција ќе почнува со воведно предавање што ќе биде избрано од пријавените трудови од страна на Научниот одбор. Покрај тоа, ќе бидат организирани пленарни сесии на кои ќе земат учество еминентни еколози од Македонија и други земји, кои ќе ги презентираат достигнувањата на модерната екологија. Ќе биде организирана и изложба на детски цртежи, фотографии, колекциски материјали, промотивни материјали и друго.






На Конгресот ќе бидат застапени следните секции:

- Еколошки теории и концепти, модели на работење во екологијата;
- Популации и заедници (динамика, односи и интеракции; популациска генетика и еволутивна екологија);
- Терестрични и акватични екосистеми;
- Биодиверзитет (теории и концепти - од ген до екосистеми и Предели; геодиверзитет); конзервациска екологија;
- Агроекологија (статус, одржливо земјоделство и ревитализација; модерни трендови во агрокултурата);
- Заштита на животната средина и урбана екологија;
- Одржлив развој и просторно планирање;
- Еколошка едукација;
- Пределна екологија.

06-09 октомври 2007 Струга, Р. Македонија congress@mes.org.mk Info@frama.com.mk www.mes.org.mk



## Идентификација и заштита на значајните растителни подрачја во Македонија

Програмата за значајните растителни подрачја ЗРП (ориг. Important Plant Areas - IPA) е изготвена во Европа заради екстремните загуби на автохтоните европски видови растенија и хабитати. Главна цел на програмата за ЗРП е идентификација и заштита на приоритетните области за растенијата низ цела Европа, користејќи соодветни критериуми. Целите на оваа програма се опфатени со петте главни задачи:

- **Толкување и документирање на растителниот диверзитет;**
- **Заштита на растителниот диверзитет;**
- **Одржливо користење на растителниот диверзитет;**
- **Имплементација на едукација за растителниот диверзитет и**
- **Зајакнување на капацитетите за заштита на растителниот диверзитет.**

Оваа програма е имплементирана од страна на Plantlife International во соработка со FLORON од Холандија и на Балканскиот Полуостров вклучува работни тимови од Бугарија, Хрватска и Црна Гора и Македонија.

Со овој проект, Македонија ќе се приклучи на останатите Европски земји кои веќе имаат идентификувани и заштитени растителни подрачја. За таа цел, Македонското еколошко друштво во првите шест месеци од проектот, ќе се насочи кон идентификација на овие значајни растителни подрачја и нивното вклучување во глобалната мрежа на заштитени растителни подрачја. За остварување на оваа цел, неопходни се теренски истражувања кои ќе започнат од април 2007 година. За истиот период е предвидено и активно промовирање на проектот и проектните активности, меѓу сите засегнати страни. За таа цел во проектот ќе бидат вклучени невладини и владини организации, Национални паркови, универзитетски институции и сите други кои би можеле да дадат свој придонес.

Проектот е спонзориран од фондацијата MAVA од Швајцарија, и ќе се имплементира во периодот јануари 2007 до март 2009 година.

Дополнителни информации можете да добиете на:
www.plantlife.org.uk/international/plantlife-ipas-about.htm

PLANTLIFE PLANTA EUROPA Floron

Проект координатор
Наталија Ангелова
angelova@mes.org.mk или
ipa@mes.org.mk
Тел: 02/3 249 611
Тел./факс: 02/2402 774

## Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас



Македонското еколошко друштво започна со реализација на проектот „Осоговските Планини во балканскиот зелен појас“ од јануари 2007 година.

Проектот беше поттикнат од страна на Македонското еколошко друштво (МЕД) и Бугарската фондација за биодиверзитет (БФБ) во рамките на иницијативата за Европски зелен појас, со цел формирање на прекугранично заштитено подрачје на Осоговските Планини како дел од Балканскиот зелен појас.

Проектот го финансира Франкфуртското зоолошко друштво “**Frankfurt Zoological Society FZS help for threatened wildlife**” и ќе се имплементира во наредните пет години. Во проектот ќе бидат вклучени владини и невладини организации и институции, како на локално така и на национално ниво, кои ќе имаат клучно значење во процесот на прогласување на заштитено подрачје како и во заштитата и управувањето со природните ресурси.

Главна цел на проектот е да обезбеди поефикасна заштита на биодиверзитетот и одржлива употреба на природните ресурси во овој планински регион, преку формирање на прекугранично заштитено подрачје со поддршка на локалните власти.

Осоговските Планини се карактеризираат со разновидност од живеалишта кои претставуват дом или коридор на многу растителни и животински видови. Овие планини се идентификувани како важен еколошки коридор за крупните цицачи.

Во првата проектна година ќе се изврши валоризација на природните вредности на планината, за чија цел ќе бидат вклучени експерти од различни области. Како резултат од истражувањата ќе се изготват прелиминарни листи на видови, живеалишта и територии со висока вредност за заштита, како и обработени основни топографски карти со ГИС софтвер во кои ќе бидат вметнати обработените информации за биодиверзитетот.



Деспина Китанова
Координатор на проектот
kitanova@mes.org.mk
osogovo@mes.org.mk

## Користење на Географски Информациони Системи во работата на Македонското еколошко друштво

Новина во работата на МЕД е дигиталната обработка на податоците и работата со нив, преку користење софтвер за Географски Информациони Системи - ГИС. Потребата од ГИС се јавува како резултат на зголемената потреба за полесна и попрегледна презентација, анализа и складирање на податоците, настаната со интензивирањето на активностите на МЕД.

За идна ефикасна и професионална работа со ГИС софтвер, членови од МЕД, на покана од EURONATUR (European Nature Heritage Fund) - германска невладина организација, а во склоп на проектот “**Програма за закрепнување на Балканскиот рис**“, посетија неколку тренинг обуки за работа со ГИС-софтвер и управување со заштитени подрачја и со тоа се стекнаа со соодветно знаење од оваа област со посебен акцент на користење на ГИС во еколошки проекти.

За целите на проектот „**Планината Јабланица дел од Балканскиот зелен појас како еколошки коридор за мечката, волкот и рисот**“ беа изработени повеќе ГИС-карти меѓу кои и картата за искористување на земјиштето.

Тековните активности опфаќаат геореференцирање на топографските карти од територијата на цела Македонија кои потоа ќе се користат како основа при изработка на ГИС-картите, нивно трансформирање во UTM/WGS84 проекцијата, како и ГИС поддршка за проектите кои се реализираат или ќе се одвиваат во иднина.






Контакт:
Васко Авукатов, МЕД
avukatov@mes.org.mk



## ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ (ГМО) И ХРАНА

Денес човештвото е исправено пред еден огромен предизвик, наречен производство на храна. Хуманата популација се зголемува со геометриска прогресија, а количеството на произведена храна не може да го следи тој тренд на зголемување на човештвото.

Како можна алтернатива или како нужно зло со кое може да се надмине овој проблем е примената на генетското инженерство во производството на храна преку создавање на генетски модифицирани земјоделски култури.

Под генетска модификација се подразбира внесување на туѓ ген во геномот на организам кој природно не го содржи тој ген, а кој обезбедува манифестација на ново својство кај организмот-домаќин. Тоа својство може да се однесува на отпорност кон пестициди, кон екстремни климатски услови, кон вируси и бактерии или за подобрување на некои нутритивни својства кај земјоделската кутура.

Патот од генетска модификација до комерцијализација е тежок и долг. По модификацијата треба да се проверат биохемиските својства на новото растение со тоа што не модифицирано. Потоа треба да се провери влијанието врз консументите преку тестови за алергогеност и дигестибилност кај експериментални животни. Следува анализата на новиот организам врз животната средина и дури потоа може да се пристапи кон регистрирање и комерцијализирање на новиот организам.

Во овој момент под генетски модифицирани земјоделски култури во светот се наоѓаат над 70 милиони хектари земјоделска површина од кои најголем дел се под соја, пченка, памук и канола. Инаку, досега се направени модификации на 57 земјоделски култури, од кои во ЕУ се комерцијализирани само 20. Најголеми производители на ГМ земјоделски култури се САД, Аргентина, Канада, Бразил и Кина.

Независно од строгиот режим за комерцијализација на ГМО, секоја држава треба да воспостави ефикасен систем за контрола на ГМО во храната. Во земјите членки на ЕУ во овој момент има 75 лаборатории кои ја сочинуваат т.н. Европска мрежа на ГМО лаборатории во која се стандардизирани процедури за детекција и квантификација на ГМО во храна.

Следејќи ги тие процедури на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје на 14.12.2006 година е отворена посебна лабораторија за ГМО која има овластување од Дирекцијата за храна при Министерството за здравство како институција надлежна за контрола на ГМО во храна, сточна храна и семенски материјал. Оваа лабораторија е опремена со најсовремена опрема за ДНК анализи добиена преку проектна соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија на Обединетите нации со седиште во Виена. Во оваа лабораторија со која раководи д-р Зоран Т. Поповски се ангажирани тројца експерти кои своето искуство за контрола на ГМО го стекнувале во Словенија, Германија и Јапонија.

Иако во Република Македонија сé уште не е донесен посебен закон за генетски модифицирани организми, одредбите од Законот за храна, прехранбените производи кои содржат ГМО ги третира како здравствено небезбедна храна. Заради тоа е неопходно што поскоро да се отпочне со процедурите за контрола на ГМО во храна ако се има предвид фактот дека во трговската мрежа веќе се појавуваат декларирани производи кои содржат ГМО.

Воспоставувањето на овој систем на контрола на ГМО во храна ќе претставува уште еден значаен придонес во приближувањето на земјата кон Европската Унија.

Контакт:
д-р Зоран Т. Поповски,
Лабораторија за ГМО
Факултет за земјоделски науки
и храна - Скопје
zpopovski@zf.ukim.edu.mk



## Обичните видови птици како биоиндикатори за промената на животната средина

Во септември 2006 година, Македонското еколошко друштво започна со спроведување на проектот "Јакнење на капацитетите на невладините организации да развијат и користат индикатори за дивите видови птици како начин за влијание на промена на политиката заради постигнување на целта на Конвенцијата за Биолошка Разновидност и Европската Унија за запирање на загубата на биолошката разновидност до 2010 година" финансиран од Глобалниот Еколошки Фонд (GEF) и Програмата за Мали Грантови (SGP), спроведена од UNDP (United Nations Development Programme), а извршувана од UNOPS (United Nations Office for Project Services). Стручна помош во спроведувањето на проектот обезбедуваат Кралското друштво за заштита на птиците (RSPB), кои се и кофинансиери на проектот, и Бугарското друштво за заштита на птиците (BSPB) како раководител на проектот.

Предвиденото време за спроведување на проектот е две години, почнувајќи од 01.09.2006 година.

Главна цел на овој проект е мониторинг на дивите видови птици, следење на популациските трендови и нивна употреба како индикатори за состојбата на животната средина во национални и интернационални рамки. Привлекување волонтери за теренска работа, која ќе се одвива според методот на линиски трансект, печатење едноставни брошури за птици и селекцијата на локациите на кои ќе се врши мониторингот се активности предвидени со проектот.

Тренинг работилница за обука на волонтерите-учесници во проектот ќе се релизира во март 2007 година, а теренската работа ќе се спроведува двапати годишно на повеќе локалитети низ Македонија.

Членови на МЕД кои се континуирано вклучени во проектот се:

Методија Велевски, проект координатор
(velevski@mes.org.mk)
Јован Андевски, проект асистент
(andevski@mes.org.mk)
Данка Узунова, проект асистент
(uzunova@mes.org.mk)

Дополнителни информации за проектот можете да добиете на www.ebcc.info.



Во рамките на проектот “Развивање на балканска мрежа за заштита на египетскиот мршојадец“, членовите на МЕД кои работат на овој проект организираа едукативни предавања за овие ретки птици во периодот од ноември до декември 2006 година. Овие предавања беа одржани пред сѐ во селата од централна Македонија, околината на Кавадарци, Мариово, Демир Капија но и во други региони каде што овие мршојадци гнездат.

Целта на овие предавања беше подигање на јавната свест кај локалното население, запознавање со целите и работата на МЕД во рамките на овој проект, прибирање корисни информации за проектот и заштитата на овие птици како и поттикнување на натамошна заедничка соработка и вклучување на ентузијасти од овие региони.

Присуството на повеќе од 250 слушатели од локалното население на предавањата, големата заинтересираност при излагањето и активното учество во заедничките дискусии, како и интересот за вклучување и натамошна соработка укажуваат на успешноста на овие предавања. Од дискусијата со локалното население беа собрани важни информации за случаи на нелегално труење во природата како најголема закана за мршојадците во Македонија, и стари информации за отстрел на птици или кражба на јајца од гнездата на овие птици, но и нови места и региони во Македонија каде е возможно присуство на египетски мршојадци кои во иднина треба да бидат истражувани.

Оваа програма за едукативни предавања ќе продолжи и во наредниот период со што поширoко ќе бидат опфатени други области од територијата на Македонија.

FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY

BVAP Balkan Vulture Action Plan



За сите дополнителни информации и документи може да се обратите на адреса/е-маил на друштвото, а подетални информации ќе најдете на веб-страната на МЕД:
www.mes.org.mk

Бул. “Кузман Јосифовски-Питу”, 28/3-7
1000 Скопје, Република Македонија
Тел. 02 2402 773
Тел./Факс. 02 2402 774, 02 2402 775
mes@iunona.pmf.ukim.edu.mk
contact@mes.org.mk

## Програма за закрепнување на Балканскиот рис

Проектот за заштита и закрепнување на автохтоната популација на балканскиот рис ќе се реализира во неколку фази. Во првата фаза која е во тек, е предвидено основно истражување преку анкетирање на населението и следење и идентификација на траги од животни во снег. Целта на оваа анкета е да се утврди областа на распространување на крупните ѕверови (мечка, волк и рис) во Македонија, нивниот потенцијален плен и главните закани кон нивните популации, како и конфликтите кои се јавуваат помеѓу луѓето и дивите животни.





Анкетирањето на населението се врши во села во областите каде се очекува присуство на рис. Беа анкетирани ловџии, ловочувари, шумарски инженери, сточари, ветеринарни доктори и инспектори и случајно одбрани жители. Досега се анкетирани 230 испитаници од околу 70 села во западниот и југозападниот дел во Македонија.

По финализирање на активностите околу анкетирањето на населението, следува реализирање на теренски активности поврзани со следење и идентификација на траги, одбирање погодни места за поставување на камери, како и отпочнување на останатите фази од проектот.



SPECIES SURVIVAL COMMISSION
EURONATUR CAT SPECIALIST GROUP KORA NINA

Заради минималните врнежи од снег во изминатиот период, реализиран е само еден терен за следење и идентификација на траги од животни и тоа во шумскиот појас кој се протега над селото Сенце на планината Бистра.



Контакт:
lynx@mes.org.mk